# ЕДУКАЦИЈА ВО БОЛНИЦА ТОКУДА – СОФИЈА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во период 15.05.2016 – 03.06.2016

Сузана Илијева
медицинска сестра во
ЈЗУ „Психијатриска болница – Скопје“

Доблер Сонографија


Токуда Болница София
Tokuda Hospital Sofia

Болницата Токуда е отворена на 29-ти ноември 2006 година. Таа е дел од Меѓународниот синџир на „Tokushukai Medical Corporation“ и е именувана по нејзиниот сопственик, јапонски лекар, д-р Торао Токуда (d-r Torao Tokuda). Има 9 ката, а секој од нив има по 4 блока (A, B, C ,D).

Таа располага со модерна и современа опрема и високо квалификуван персонал. Покрај сите други погодности, бил решен и проблемот на граѓаните во Бугарија, кои не морале да патуваат во странство за да извршат разни прегледи и испитувања.



Одделението за Васкуларна хирургија и Ангиологија освен стандарните хируршки техники користи и најмодерни апарати за лекување и дијагностика на васкуларните заболувања.

Мојата едукација во болницата Токуда во Бугарија, се одвиваше во амбулантата за васкуларна хирургија и ангиографија на Доблер Сонографија, која се наоѓа на приземјето.

Амбулантските дејности се одвиваат во:

- два дијагностички кабинети и







- сала за манипулација.











Првата недела од мојата едукација започна со прием, одговорното лице за едукација нé распореди по одделенијата каде што се запознавме со менторот кој не упати во работата. Следно беше предавањето за заштита при работа и како да се однесуваме при елементарни непогоди, по кое следеше запознавање со амбулантата, работата во истата и следењето на прегледи со апаратот Доблер Сонографија.














Проф. д-р Милена Станева, кардиолог и ангиолог – Ментор



Апартот Доблер Сонографија

Втората и третата недела се состоеја од следење на медицинската сестра во компјутерската работа, припрема на пациентот за прием и преглед. Потоа следење на разни прегледи на артериите и крвните садови на горните и долните екстремитети, каротидната артирија, југуларна артерија и други, како и преврски и интервенции и мерење тензија на рака и нога. На моја иницијатива присуствував и следев снимања на ЕЕГ и ЕМГ.



ЕЕГ



ЕМГ

Искажувам голема благодарност до Министерството за Здравство за можноста за едукација и посета на болницата Токуда во Софија, Бугарија како и за збогатување на моето знаење и искуство од областа на Доблер Сонографија. Секако, се заблагодарам и на ЈЗУ „Психијатриска болница – Скопје“.